**ЈАВЕН ОГЛАС ЗА АНГАЖМАН НА НАДВОРЕШЕН СОРАБОТНИК ЗА ИЗРАБОТКА НА 5 (ПЕТ) АНИМИРАНИ ИНФОРМАТИВНИ ВИДЕА**

Македонското здружение на млади правници во рамки на проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени", спроведуван од Еко-свест, во партнерство со Македонското здружение на млади правници и Организацијата за поврзување на природни вредности и луѓе – ЦНВП и поддржан од Шведската меѓународна агенција за развојна соработка – Sida, објавува јавен оглас за прибирање понуди за ангажман на надворешен соработник за изработка на 5 (пет) информативни/едукативни видеа наменети за еколошки граѓански организации.

## 1. Опис на проектот и предмет на набавката

Општата цел на проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени" е зајакнување на улогата на граѓанското општество во процесот на намалување на емисиите на стакленички гасови и декарбонизација, трансформација и обнова на општеството, за создавање на чиста животна средина, поттикнување на зелената економија и подобрување на здравјето на граѓаните во државата. Проектот се стреми кон (1) поттикнување на учество на граѓанските организации во носење на одлуките поврзани со климата, како и преку подобрување на капацитетите, знаењата и вештините, пружање поддршка на граѓанските организации за преземање на активности на локално ниво и (2) подигање на јавната свест за можностите на постоење на зелени економии со ниско ниво емисии на јаглен, како и притисок на јавноста врз институциите со цел развој на политики и програми во насока на намалување на емисиите на стакленички гасови и декарбонизација. За остварување на поставените цели, Проектот во себе вклучува три типа на активности: (1) градење на капацитетите на граѓанските организации, (2) директна помош за граѓанското општество и (3) подигнување на јавната свест и работа на политики.

## 2. Предмет на набавка

Предмет на набавка е изработка на 5 (пет) анимирани информативни видеа на македонски јазик со титлување на македонски јазик и албански јазик.[1] Секое видео треба да биде информативно и да содржи: 2Д анимиран

[1] Во зависност од добиените финансиски понуди и максималните проектни финансиски средства кои Македонското здружение на млади правници може да ги издвои за изработка на информативни видеа, МЗМП ја задржува можноста да предвиди дополнителна изработка на 1-2 информативни видеа. Дополнителното изработување на 1-2 видеа ќе биде наплатено по цената за едно видео која понудувачот ја дал во финансиската понуда на овој јавен оглас

материјал и нарација на видео снимен материјал. Видеата треба да се изработат во HD 1080p квалитет и во формат соодветен за онлајн користење на социјални медиуми. Секое од изработените видеа треба да биде со должина од 180-240 секунди.

Целна група на видеото се локални (grass root/активистички) еколошки граѓански организации.

МЗМП на избраниот вршител ќе му достави релевантни законски одредби за секоја од наведените теми. Избраниот вршител ќе треба законските одредби за секоја од темите на видеата да ги разработи во сценарио. Сценариото за секое видео треба на едноставен и разбирлив начин да ги претстави релевантните законски одредби.

Видеата ќе обработуваат теми за претставување и подобро разбирање на системот за управување со одделни медиуми во животната средина и учество на јавноста во донесувањето на политики и одлуки поврзани со животната средина.

Списокот на теми кои ќе бидат обработени во видеата е даден во Анексот I на овој оглас.

Делокругот на работа опфаќа:

- Разработка на креативен и идеен концепт за 5 видеа преку кој ќе бидат претставени информациите од секоја од темите
- Разработка на 5 сценарија за претставување на правни прописи на граѓански организации
    - МЗМП ќе ги систематизира правните одредби за секоја од горенаведените теми, кои ќе треба да се разработат во сценарио
- Подготовка на графички елементи и анимации за потребите на изработка на информативните видеа
- Подготовка (снимање, анимација, едитирање, аудио продукција) на 5 информативни видеа со нарација
- Титлување на изработените видеа на македонски јазик
- Превод на нарацијата на албански јазик[2] и титлување на видеата на албански јазик
- Изработка на 10 кратки исечоци (reels) од изработените информативни видеа за промоција на социјални мрежи (5 reels со титлување на македонски јазик и 5 reels со титлување на албански јазик)
- Одржување состаноци со проектниот тим и постапување по потенцијалните коментари

[2] Не се подразбира изработка на видеа со нарација на албански јазик туку превод на титлувањето од македонски јазик на албански јазик и подготовка на видеа на кои ќе има нарација на македонски јазик, но титлување на албански јазик

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

- Спроведување на правилата за видливост на донаторот во соработка со проектниот тим

**3. Надомест**

Вкупниот надомест за извршената услуга не може да ја надминува сумата од 293.678,00 денари со вклучен ДДВ.

Плаќањето ќе се изврши вирмански по издадена фактура на следниот начин: 50% по доставување на драфт видеата и 50% по финално одобрување на видеата.

**4. Сопственост**

Информативните видеа кое ќе произлезат од ангажманот ќе останат во сопственост на Македонското здружение на млади правници и Проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени".

**5. Рок на испорака и динамика на работа**

Видеата од точката 2 треба да бидат изработени и одобрени најдоцна до 15 декември 2023 година.

Избраниот понудувач ќе ги добие систематизираните правни одредби за секоја од наведените теми во точката 2 од овој повик, најдоцна до 5 ноември 2023 година.

Избраниот понудувач треба да достави дефиниран концепт и драфт сценарија најдоцна до 15 ноември 2023 година.

Избраниот понудувач е должен да присуствува на првичниот состанок кој ќе се организира во рок од најмногу 10 дена по рокот на овој повик, како и на останатите состаноци кои ќе се одржуваат пред секој од роковите наведени во оваа точка.

**6. Право на учество**

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно правно лице-понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.

Економскиот оператор во рамките на иста постапка за доделување на договор за набавка може да учествува само со целосна понуда за набавката.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

## 7. Изготвување и поднесување на понудите

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во овој повик.

Секоја понуда треба да содржи:

i. Финансиска понуда (изразена во денари со вклучен ДДВ)
ii. Генерален концепт за видеата
iii. Документ за регистрирана дејност (тековна состојба)
iv. Портфолио од ангажмани за комуникациски материјали во областа на човековите права и заштита на животната средина, како и работа на анимирани видеа и кампањи на невладини организации
v. Изјава, потпишана од овластениот застапник на правното лице, дека не постои судир на интереси, дека против правното лице не се води кривична постапка и дека на правното лице и овластениот застапник со правосилна пресуда не е изречена кривична санкција

Финансиската понуда треба да биде доставена во форматот кој се наоѓа на следниот **линк**. Финансиските понуди кои нема да ја следат структурата дадена во форматот, ќе бидат отфрлени и нема да бидат разгледувани.

Понудата треба да се достави по електронски пат, на е-пошта: dnastevska@myla.org.mk и btrpevski@myla.org.mk со назнака: Барање за прибирање понуди за изработка на информативно анимирано видео. Понудите треба да се доставаат најдоцна до **24.10.2023 година до 23:59 часот.**

## 7. Процес на селекција и бодување

За носител на набавката ќе биде избран понудувачот чија понуда е оценета како најповолна, односно која ќе освои најголем број бодови, според следните критериуми:

i. Понудена цена (најмногу 40 бода)
ii. Евалуација на портфолиото на понудувачот (најмногу 20 бода)
iii. Евалуација на понудениот концепт за изработка на видеата (најмногу 40 бода)

Лице за контакт за јавниот повик: Бојан Трпевски, телефон: 02 3 220 870

Sweden Sverige
Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.
МЗМП CNVP Building a Greener Economic Environment

**АНЕКС I**
**Листа на теми кои ќе се обработуваат во информативни видеа**

1. Составни елементи на коментар/забелешка за Оцена на влијание врз животната средина/ЕНЕР и слично;
2. Надлежности на општините во управувањето со отпад и надлежен инспекторат за инспекциски надзор над управувањето со отпад (Закон за управување со отпад);
3. Надлежности на општините во областа на патниот сообраќај и поделба на надлежности помеѓу градот Скопје и општините во градот Скопје;
4. Надлежности во областа на прогласување и управување со заштитени подрачја (Закон за заштита на природата);
5. Преглед на надлежности за управување со посебни текови на отпад.[3]

[3] Доколку се зголеми бројот на видеата кои треба да се изработат во случајот споменат погоре во овој оглас, темите на тие видеа ќе бидат дополнително договорени и определени

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.